**ПРОЕКТ ЗА ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА КОНКУРЕНТНОСТ**

# СПИСОК ЗА ПРОВЕРКА НА ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНА СРЕДИНА

**ПОТПРОЕКТ**

***РЕКОНСТРУКЦИЈА И НАДГРАДБА НА ПЕШАЧКО - ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА И ОДМОРАЛИШТЕ***

***ДЕЛНИЦА ЦЕНТАР ЖУПА – ДЕБАРСКИ ОСТРОВИ***

ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА,

2018 ГОДИНА.

A) ВОВЕД

Проектот за локална и регионална конкурентност (ПЛРК) е четири-годишна инвестициска операција финансирана со дотација од Европската унија (ИПА 2 компонента), наменети конкуретност и иновации во Македонија. ПЛРК ќе се раководи како хибриден фонд и се состои од четири компоненти, а ќе се извршува од страна на Светска банка и Владата на Република Македонија. Проектот ќе овозможи инвестициско финансирање и градење на капацитет како поддршка на растот на секторот, инвестициите во дестинациите и просперитет на конкрените десинации. На регионално и локално ниво, проектот ќе овозможи поддршка за селектираните дестинации во земјата преку комбинација на техничка помош за подобрување на управувањето со дестинацијата, инвестиции во инфраструктурата, инвестиции за поврзување и иновации. Инвестициите ќе бидат реализирани преку грантова шема за регионалните туристички чинители, како што се општините, институциите, невладините организации и приватниот сектор.

Списокот за проверка на планот за управување со животната средина (список за проверка за ПУЖС) се однесува на активностите кои ќе се реализираат во рамките на потпроектот „Реконструкција и надградба на пешачко – велосипедска патека и одморалиште“лоцирана Центар Жупа Дебарски острови. Списокот за проверка за ПУЖС содржи опис на проектот, техничките детали, обемот, поставеноста и локацијата, врз основа на кои се врши проценка на еколошките и социјалните ризици. Спроведувањето на мерките за ублажување кои се однесуваат на идентификуваните ризици и прашања, како и планот за следење дефинирани во списокот за проверка за ПУЖС се задолжителни и во согласност со националните стандарди за животна средина, останатата регулатива и оперативните политики на Светска банка.

Списокот за проверка, како и сите активности на проектот мора да бидат усогласени со Рамката за управување со животната средина подготвена за севкупниот проект за локална и регионална конкурентност.

## 1. Краток опис на проектот

Општина Центар Жупа е рурална општина која инфрастуктурно веќе е почната да се развива и во која туризмот почнува да биде еден од главните приоритети. За развивање на туризмот во општината како битен фактор е понуда на неколку атрактивни места во кои туристите ќе можат да имаат барем еднодневен престој. Општина Центар Жупа спаѓа во дестинација број 6 Река, Маврово и околината. Идејата на потпроектот е реконструкција и надградба на пешачка и велосипедска патека која го поврзува центарот на општина

Центар Жупа со Дебарското езеро и која на самиот крај од патеката ќе биде поставено одморалиште односно уреден простор за одмор, релаксација и рекреација на посетителите. Инфраструктурниот проект за реконструкција на оваа патека е веќе изработен кадешто локацијата претставува најатрактивната дестинација во општината. Почетокот на делницата се протега со почеток пред населеното место Центар Жупа поминува дел преку Центар Жупа и се спојува со Дебарското езеро во близина на т.н. Дебарски острови.

Досега општина Центар Жупа нема изградено велосипедска и пешачка патека бидејќи регионалниот пат и локалните патишта беа во многу лоша состојба и им се даде предност на нивно реконструирање и санирање. Со реконструкцијата на оваа патека ќе им се овозможи на посетителите да се вклучат во активно истражување на природата преку активности на отворено овозможувајќи уживање, рекреација и набљудувања на прекрасните природни пејсажи низ целата патека.

Целта на нашиов потпроект реконструкција и надградба на велосипедска и пешачка патека е развојот на локално ниво на туризмот во општина Центар Жупа, а со тоа и поддршка на растот и развојот на регионално и централно ниво.
Општина Центар Жупа се наоѓа во западниот дел на Македонија и спаѓа во групата на рурални општини која поседува природни убавини од кои посетителите се воодушевени. Местоположбата кај што ќе биде изградена патеката и одморалиштето е обиколена со природни убавини,а на крајот од патеката ќе биде поставено одморалиште каде што домашните и странските туристи можат да седнат да се одморат, релаксираат и уживаат покрај Дебарското езеро.

## 2. Локација на проектот

Предметната траса која е опфатена со овој Проект ја опфаќа делницата: Општина Центар Жупа- Дебарски острови. Почетната точка на проектот е лоцирана пред да започне населеното место Центар Жупа истата се протега низ постоечки колски пат со нестандардни елементи истиот некатегоризиран со крајна дестинација Дебарско езеро, долж самата патека ќе биде изградено и поставено одморалиште. Проектните активности не се лоцирани во или во близина на природно заштитено подрачје или на место на културно наследство.

## 3. Реконструкцијата и надградба на пешачко- велосипедската патека и одморалиште предвидува :

**1. Припремни работи :**

- обележување и осигурување на трасата;
- расчитување на теренот од дрвја, шибје и корени;
- машинско стругање на постоечки асфалтен слој о-5см со утовар и транспорт до депонија.

**2. Земјани работи :**

- Ископ на хумус и транспорт до депонија;
- Машински ископ на земјен материјал со утовар и транспорт до депонија;

- Планирање и набивање на подтло до потребна збиеност спрема технички услови;
- Изградба на пополнет слој. Изградбата на пополнет слој до потребната компактност значи поставување и набивање на материјалот во одредени делови, дизајнирани со профили долж линијата на трасата, за израмнување на трасата пред поставување на асфалтниот слој. Патот за велосипедисти на почетокот во одреден мал дел се движи паралелно со мал водотек - река која има вода во пролетта. Во делови од велосипедската патека (во рамките на селото) ќе се изгради бетонски канализациски канал, а во други делови ќе се изгради дренажа за велосипедска патека. На следнава слика одводнување и технички детали е прикажано;
- Изработка на косини со оформирање.




Слика 1 Дренажен и технички детал

**3. Горен слој**

- Изработка на стабилизирана банкина од тампонски материјал;
- Набавка, транспорт и вградување на тампонски слој од дробен камен материјал за новопроектирана велосипедска патека;
- Прскање на битуменска емулзија 400гр/м2 на стар асфалт пред вградување на нов асфалтен слој;
- Набавка транспорт и вградување на битуминизиран носив слој.

4. **Урбана опрема и партерно уредување на површина од 400м2**

- Расчистување на теренот од површински растенија и евентуални отпадоци и одвоз на шутот до депонија до 10 км;
- Набавка, транспорт и монтажа на три дрвени летниковци, еден летниковец е со површина од 50м2;
- Набавка, транспорт и монтажа на 16 соларни канделабри;
- Набавка транспорт и монтажа на 4 канти за отпадоци;

- Набравка , транспорт и монтажа на 12 клупи за седење;
- Набавка и садење на пет годишни дрвја липа;
- Набавка, транспорт и распостилање на слој од песок со д=30 см , на простор за рекреација.

**4. Категорија на животна средина**

ПЛРК е поддржан со грант на Европска унија и се спроведува заеднички од страна на Кабинетот на заменик претседателот на владата задолжен за економски прашања, Единицата за спроведување на проектот и Светска банка. ПЛРК е класифициран како проект од Категорија Б, што значи дека мали влијанија врз животната средина може да се очекуваат при спроведувањето на проектот, но ниту едно од тие влијанија нема да биде значајно, големо или долгорочно. Како резултат на оваа класификација, оперативната политика ОП 4.01 - Проценка на животната средина се активира. Последователно, Кабинетот на заменик претседателот на владата задолжен за економски прашања (КЗПВРМЕП) подготви Рамката за управување со социјалните аспекти и животната средина (РУСАЖС) со цел да се дадат насоки за подготовка на еколошката анализа на потпроектите поддржани преку Компонента 3 од грантовата шема, да се дефинираат подобноста и процедурите за скрининг и проценка на влијанието врз животната средина. Сите активности на проектот (и потпроектите) мора да се спроведат во согласност со Рамката за управување со социјалните аспекти и животната средина (РУСАЖС), оперативните политики и процедури на Светска Банка и националната регулатива (највисокиот преовладува).

Предложениот потпроект реконструкција и надградба на пешачко велосипедска патека и одморалиште се класифицира во Категорија Б-, со оглед на тоа што очекуваните влијанија врз животната средина се помалку штетни од влијанијата на потпроектите класифицирани во Категорија А и Категорија Б+, имајќи ја во предвид нивната природа, големина и локација, како и карактеристиките на потенцијатални влијанија врз животната средина.

Оваа категорија на потпроектот бара оценка на социјалните аспекти и животната средина (ПСАЖС) со цел да се проценат потенцијални влијанија врз животната средина поврзани со спроведувањето на потпроектот, да се утврдат потенцијалните можности за подобрување на животната средина и да се препорачаат мерки потребни за спречување, минимизирање и ублажување на штетните влијанија. Обемот и формата на ПСАЖС зависи од конкретниот потпроект, но најчесто е помал од обемот на целосна проценка на влијанијата врз социјалните аспекти и животната средина (ПВСАЖС), обично во форма на план за управуање со социјалните апспекти и животната средина (ПУСАЖС). Обемот на ПУСАЖС е дефиниран во дел Е од образецот за целосно барање и во Анекс Г од РУСАЖС. За потпроектите кои предвидуваат едноставни градби, обнова или адаптација на објекти, се предвидува користење на список за проверка за ПУСАЖС (Дел Е од образецот за целосно барање или Анекс Ѓ од РУСАЖС).

Во категоријата Б- исто така се вклучуваат потпроекти кои: (а) вклучуваат грантови кои предвидуваат набавка и/или користење на опасни материјали (на пример: бензин) или (б) предвидуваат подобрувања кои вклучуваат набавка на опрема/механизација која претставува значителен потенцијален ризик по здравјето или безбедноста. Согласно македонските закони, за потпроекти кои спаѓаат во категоријата Б- не е потребно да се изработи Проценка на влијанијата врз животната средина (ПВЖС).

## 5. Преглед на можни влијанија

Во ова поглавје се изнесени влијанијата од предвидените активности при реконструкција и надградба на пешачко – велосипедска патека и одморалиште, делница Центар Жупа – Дебарски острови како и нивното функционирање со цел тие да се идентификуваат, одредат според интезитетот и времетраењето, квантитетот на емисиите на загадувачки материјали, создавање на цврст и течен отпад, и да се дадат правни насоки за воведување на мерките за евентуалните негативни влијанија.

Според карактеристиките, намената и локацијата на предложениот проект истиот нема позначајни негативни влијанија врз животна средина и здравјето на луѓето. Досегашните искуства и практика за изградба, рехабилитација и реконструкција во Р.Македонија покажува дека истите се рефлектираат во следниве активности:

- Утврдување на правилна траса. Во овој случај трасата е утврдена согласно постоечка траса. Сепак како резултат од овој процес може да настанат активности како: деградирање на вегетација, промена на квалитетот на површинските и подземните води во случај на случајно истурање на штетни материи (гориво, масло, маст и слично), зголемување на емисијата на прав и согорувачки гасови во амбиенталниот воздух, генерирање со отпад и бучава.
- Од проектираните времени локации за складирање на земјен материјал од сечење и полнење често остануваат т.н одлагалишта на отпаден материјал по завршување на градежните актовности. Истите треба времено да се одстранат.
- Влијанието врз животната средина од градежните активности како вибрации и бучава од градежните машини, емисија на прашина, пополување на речните корита итн.

***Карактеристики на можното влијание:***

- Со оглед на обемот на конструктивните активности и состојбата со основните медиуми и области на животната средина во непосредната околина при пешачко-велосипедската патека и одморалиште согласно согледаните податоци од релевантните документи ( ЛЕАП, НЕАП, државна и локална мрежа за

мониториг), не се очекуваат позначајни негативни влијанија врз животната средина кои бараат позначајни мерки за заштита.

- **Емисии во воздух:** степенот на емисии и времетраењето на градежните активности предвидени при пешачко- велосипедската патека и одморалиште, нема да влијаат негативно врз природните екосистеми до мерка за превземање на дополнителни мерки за редукција на емисиите. Со оглед на должината на предвидената траса, може да се заклучи дека проектните активности нема да имаат значајно влијание врз струење на локалните ветрови врз локалната, микро клима на урбаните заедници.
- **Создавање на отпад:** отпадот од активностите при реконструкција на пешачко велосипедската патека и одморалиште ќе биде разновиден по структура. Создавањето отпад од градежни активности потенцијално може да ја загади околината. Речиси целиот создаден отпад ќе биде инертен и ќе се произведува за време на фазата на реконструкција. Според списокот на видови на отпад, најголем дел од отпадот генериран од проектните активности е категоризиран како градежен отпад и отпад од рушење, како и производство на мали количества опасен отпад, на пример поради случајно истекување на машинско масло, мазива, гориво и други опасни материи, преостанати премази и контаминирано пакување. Набавката и инсталацијата на игралиште и урбана опрема може да произведе неопасен отпад (хартија, картон, пластика и други синтетички материјали) поради отпадоци од пакување.

  Инертниот отпад кој ќе се произведува е сместен во категоријата неопасен отпад. Но сепак е неопходно да се има локација каде што отпадот ќе се отстранува. Инертниот отпад (на пример, почвата, бетонот, кршените камења и плочки итн.) Може да покрие големи површини и може да го наруши пределот. Поголемиот дел од ископаната почва ќе се користи за обложување и ќе се складира за понатамошна употреба на привремени површини.

  Количините на отпадот би биле минимални доколку има соодветно управување со отпадот, користејќи ги најдобрите достапни техники за намалување на отпадот за време на градежната и оперативната фаза. Обврската да се справи со отпадот што ќе се создаде за време на извршувањето на проектните активности ќе биде на изведувачот.

- **Емисии во почва и вода:** со оглед на фактот дека дел од трасата на предметната локација се протега во малку урбанизирана средина (с. Голем Папрадник), ефектот врз постоечките еко системи во околината предизвикан од градежни работи е непостоечки, односно нема да предизвика фрагментација а со тоа и негативни ефекти. Мала контаминација е можна во случај на истекување на горива или масла. Ерозијата на почвата е можна во текот на изградба на насипи. Со оглед на малиот обем на градежни активности и малата површина на почва која ќе биде зафатена, не се очекуваат значителни негативни влијаниа врз почвата, геологијата и влијание врз локалната топографија.
- **Бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење:**. Појавата на бучава од моторните возила на изведувачот за време на работата ќе има многу мало

негативно влијание поради фактот дека ќе има ограничено времетраење и локален карактер. Звучните емисии ќе бидат незначителни доколку изведувачот користи возила и градежни машини во согласност со техничките стандарди и градежните работи да се изведуваат во текот на денот (7-19 часот). Влијанието на вибрациите ќе биде сведено на минимум ,со примена на механизација со вградени уреди на амортизација. Сепак влијанието на вибрациите ќе биде ограничено со времетраење на работните активности ( 8 до 10 часа дневно) и нема можност да предизвика подолгорочно влијание врз здравјето на луѓето и материјалните добра во блиската околина на проектната траса. Во фазата на функционирањето на линиската инфраструктура не се очекува негативни влијаниа врз животната средина предизвикани од емисија на бучава и вибрации.

- **Влијание врз Биодиверзитетот:** На локацијата каде ќе се извршуваат определени активности во фазата на градба како и во фазата на експлоатација нема да дојде до големи и трајни промени на постојните пределски карактеристики.

## 6. Целта на списокот за проверка за ПУЖС

Светската банка бара проценка на животната средина  за проекти предложени за финансирање од страна на Светската банка, со цел да се обезбеди дека тие се одржливи и  од еколошки аспект и со тоа да го подобрат процесот на донесување одлуки. ЕА е процес чија ширина, длабочина и тип на анализа зависат од природата, обемот и потенцијалните влијанија врз животната средина на предложениот проект. Проценета на животната средина ги проценува можните еколошки ризици на проектот, како и нивните влијанија во областа опфатена со проектот.

Според спроведениот скрининг на барањето за изразување на интерес, вклучувајќи го и прашалникот за животна средина, под-проектот ,,Реконструкција и надградба на пешачко велосипедска патека и одморалиште,, лоциран Центар Жупа Дебарски острови, беше категоризиран како Б-. Под-проектите кои се класифицирани во категорија Б- потенцијалните влијанија врз животната средина се помалку штетни од под-проектите во категориите А и Б+, со оглед на нивната природа, големина и локација, како и карактеристиките на потенцијалните влијанија врз животната средина.

Списокот за проверка за ПУЖС се применува за помали активности за реконструкција или градба на нови помали објекти. Тој овозможува “прагматични добри практики“и е дизајниран да биде лесен за користење и компатибилен на барањата за заштита на животната средина на Светска банка. Форматот на списокот за проверка се обидува да ги опфати типичните пристапи за ублажување на влијанијата врз животната средина кај сите договори за градежни работи со локални влијанија.

Списокот за проверка има воведна секција (воведен дел во рамките на кој потпроектот е опишан, дел во кој што е дефинирана еколошката категорија и се идентификувани влијанијата на потпроектот врз животната средина, и дел во кој што е објаснет концептот на планот за управување со социјалните аспекти и животната средина) и три главни делови и тоа:

- Дел 1 содржи описен дел (“пасош на објектот“) во кој се опишуваат спецификациите на потпроектот во поглед на физичката локација, институционалните и законодавните аспекти, опис на потпроектот вклучувајќи ја потребата од програма за градење на капацитети и опис на процесот на јавна консултација во врска со потпроектот;

- Дел 2 го опфаќа еколошкиот и социјалниот скрининг во едноставен формат Да/Не, проследен со мерките за ублажување за секоја активност; и

- Дел 3 е планот за следење на активностите за време на реконструкцијата и спроведување на потпроектот.

Постапката за објавување на списокот за проверка за ПУЖС е следна: Списокот за проверка за ПУЖС ќе биде објавен на веб- страницата на ПЛРК, како и на веб-страницата на општина Центар Жупа. Тој ќе биде достапен за јавноста најмалку 14 дена. Истиот треба да биде достапен во печатена форма во просториите на ПЛРК и во општина Центар Жупа и Агенција за промоција и поддршка на туризмот. Кога се објавува списокот за проверка на ПУЖС, ќе се објави и повик за доставување на коментари на документите заедно со достапната електронска и поштенска адреса за испраќање на коментари и забелешки. Записникот од одржаната јавна консултација (собраните коментари и прашања) ги содржи основите информации за местото, листата на учесници и кратко резиме од добиените забелешки кои треба да бидат вклучени во финалната верзија на објавениот документ.

## 7. Апликација на ПУЖС список

ПУЖС списокот е документ подготвен и во сопственост на Општина Центар Жупа. Процесот на проектирање за предвиденото во подпроектот „Реконструкција и надградба на пешачко– велосипедска патека и одморалиште“ќе биде спроведен во три фази:

1. Општа идентификација и фаза на опсегот, во кој реконструкцијата е означена и приближна програма за потенцијалните работни типологии се образложени. Во оваа фаза деловите 1,2 и 3 на ПУЖС листата се подготвени. ПУЖС листата може да се употреби за да се означат типични активности од „мени“ и да се поврзат со типичните прашања на животната средина и мерки за ублажување. Потребно е спроведување на јавна консултација во врска со списокот за проверка за ПУЖС и финализирање на документот.
2. Фаза на детално планирање и тендерирање, вклучувајќи и подготовка на технички спецификации и предмер пресметки за градежните работи, спецификација на опремата, спецификација на маркетинг активностите и услугите за потребите на потпроектот. Целосно пополнетиот табеларен дел од

списокот за проверка за ПУЖС (Дел 1, 2 и 3) треба дополнително да се приложи на договорот за јавна набавка на работи, договорот за стручен надзор, аналогно на тоа и на сите технички и комерцијални договори кои задолжително треба да бидат потпишани од страна на двете договорни страни.

3. Во фазата на спроведување на градежните работи, изведувачот го спроведува планот за следење и мерките за ублажување од списокот за проверка за ПУЖС, додека пак усогласеноста на потпроектот со животната средина (со списокот запроверка за ПУЖС и пропишаната регулатива за заштита на животната средина, безбедноста и здравјето) и други квалитативни критериуми се спроведува на самата локација на градба од страна на стручниот надзор на градежните работи или надзорниот орган на потпроектот.

Мерките за ублажување специфицирани во Дел 2 и планот за следење од Дел 3 се основа врз која треба да се потврди дали изведувачот ги задоволува бараните одредби за заштита на животната средина

Практичната примена на списокот за проверка за ПУЖС ќе значи остварување на условите од Дел 1 преку поседување на сите потребни документи и дозволи за градбата. Во вториот дел, активностите што треба да се реализираат треба да проверуваат врз основа на конкретниот тип на активност, а во третиот дел идентификувањето на параметри за следење (од Дел3) треба да се применуваат во согласност со активностите презентирани во Дел 2.

Финалниот документ на списокот за проверка на ПУЖС ќе биде прикачен како составен дел од договорите за јавна набавка на работи, како и на сите технички и комерцијални договори и истите треба да бидат потпишани од страна на двете договорни страни.

## 8. Мерки за ублажување

Мерките за да се избегнат и намалат/ублажат утврдените влијанија врз животната средина, работниците и заедниците, како и општествените аспекти на под-проектот што треба да се применат во рамките на под-проектот се следните, но не се ограничени на следното: соодветно означување на локацијата за реконструкција, обележување на соодветна локација за привремено чување на градежниот материјал на локацијата, обезбедување на предупредувачки ленти, огради и ознаки, забрана на влез за невработени лица во предупредувачките ленти, примена на мерки за безбедност на граѓаните, со машините треба да работи само искусен и обучен персонал, постојано присуство на противпожарни апарати во случај на пожар или друга штета, постојано носење заштитна опрема и облека, фиксирање на скелиња и други мерки за безбедност и здравје, запаливите течности може да се стават и чуваат исклучиво во садови кои се дизајнирани за таа цел.

Сите работници мора да бидат свесни за опасностите од пожар и противпожарните мерки и мора да бидат обучени за да користат противпожарни апарати, хидранти и други уреди што се користат за гаснење на пожари кои треба да бидат функционални.

Нивото на бучава не треба да надминува 55dB во текот на денот, додека градежните работи нема да се вршат преку ноќ (Работните часови ќе бидат од 07 до 19 часот). Одредување, класифицирање и посебно привремено складирање (во посебни јасно означени канти/контејнери за отпадоци на посебна однапред дефинирана локација на местото и во доволен број) на различни видови отпад што може да се создаде од обновување, како и правилно постапување со отпадот. Отпадот може да се транспортира и депонира/преработува само од лиценцирани компании.

Да се воспостави посебен сообраќаен режим за возилата на изведувачот за време на периодот на обновување, со соодветно сигнализирање. Потпишување на договор со услужната компанија за редовно одржување, замена на резервни делови, превентивни промени на масло, соодветно одржување (издувни гасови и безбедност, пр. сопирачки, гуми, итн.) како една од најважните безбедносни функции, итн., редовно перење на возилата и одржување на чист паркинг, забранета замена на моторно масло на паркингот за да се избегне маслото и загадувањето на водите и почвата, да се врши редовно годишно тестирање за одобрување за време на годишната регистрација на возилата.

Мерките за ублажување опишани во овој дел се општите, детални задолжителни мерки за ублажување кои се дадени во табелата Контролна листа со мерки за ублажување (Дел 3).

## 9. Следење и Известување

За следење на мерките за заштита кои ги спроведува изведувачот, стручниот надзор над градежните работи или лицето овластено од општина Центар Жупа (во случај на работи кои не бараат ангажирање на стручен надзор) ќе работат согласно Дел 2 и 3 од документот список за проверка за ПУЖС, односно планот за следење. Деловите 2 и 3 се развиени во потребните детали и со јасни и прецизни мерки за ублажување и следење кои треба да бидат вклучени во договорите за јавна набавка на работи кои го рефлектираат статусот на добра еколошка пракса на работно место, а кои можат да се наблудуваат, мерат, квантифицираат и проверат од страна на надзорното лице за време на извршување на градежните работи.

Овие мерки за ублажување вклучуваат, но не се ограничуваат само на употреба на опрема за лична заштита и заштитна облека на работниците во секое време, превентирање и спречување на генерирање прашина, намалување на количината на вода користена и испуштена на локацијата, прочистување на отпадната вода, обезбедување на соодветни санитарни услови за работниците, собирање и разделување на различните видови отпад (дрво, метал, пластика, опасен отпад како на пример отпадоци од боја и

потрошено моторно масло) во посебно означени контејнери поставени на точно одредените места на локацијата на градба во доволен број; евидентирање на количините на отпад; правилна организација на транспортот и одлагањето на отпадот; реупотреба и рециклирање на отпадот кога тоа е можно. Отпадот може да биде транспортиран и одлаган само на депонии управувани од лиценцирани компании.

Покрај Дел 3, надзорниот орган на градилиштето треба да провери дали изведувачот ги спроведува мерките за ублажување од Дел 2. Известувањето за спроведувањето на процедурите и практиките треба да биде опишано во редовниот извештај до Единицата за спроведување на проектот.

Спроведувањето на мерките за ублажување треба да бидат следени пред започнување на работите, за време на реконструкцијата на патеката и по нејзиното завршување. Дефинираните мерки во списокот за проверка за ПУЖС ќе бидат следени од страна на надзорниот инжинер; општина Центар Жупа (комуналниот инспектор и вработените во Одделението за урбанизам и локален економски развој) кои истовремено се и членови на проектниот тим, како и експертот за животна средина ангажиран од страна на Единицата за спроведување на проектот. Прифатениот извештај за следење изработен од страна на изведувачот или надзорниот орган на градилиштето ќе биде основа за целосно плаќање на договорените надоместувања, исто како и извештајот од техничките испитувања со кој ќе се утврди дали се исполнети техничките критериуми за квалитет на работите. Известувањето за примена на списокот за проверка за ПУЖС ќе биде квартално. За да се обезбеди сигурност дека изведувачот ќе ги применува мерките за заштита на животната средина, посебна клаузула ќе биде вклучена во договорот со која се пропишуваат казни во случај на непочитување на договорените еколошки одредби, на пример задржување на дел од плаќањата се додека корективните мерки не се применат во согласност со потпроектот, а големината на задржувањата ќе зависи од сериозноста на повредата на договорот. За екстремни случаеви, правото на раскинување на договорот ќе биде наведено во самиот договор.

Апликантот има обврска редовно да доставува три месечни извештаи за спроведување на списокот за проверка за ПУЖС и следењето на мерките за ублажување во форма на табеларен преглед (табели за планот за следење и табели за планот со мерките за ублажување) со дополнителна колона за статусот на мерките, забелешки и коментари, и следење на мерката (спроведена/неспроведена, резултати, забелешки, коментари, загриженост, кога и сл.).

<table>
<tr><th colspan="3">ДЕЛ 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ АСПЕКТИ</th></tr>
<tr><td>Земја</td><td colspan="2">Република Македонија</td></tr>
<tr><td>Име на потпроектот</td><td colspan="2">Реконструкција и надградба на пешачко – велосипедска патека и одморалиште</td></tr>
<tr><td>Обем на потпроектот и конкретни</td><td colspan="2">Менаџмент и координација на потпроектот;<br>Реконструкција и надградба на пешачко велосипедска патека и одморалиште;<br>Поставување на урбана опрема и партерно уредување.</td></tr>
<tr><td rowspan="4">Институциска поставеност (Име и контакти)<br><br>Имплементациска поставеност</td><td colspan="2">Управување со проектот*</td></tr>
<tr><td><u>Инвеститор:</u> Општина Центар Жупа</td><td>Телефон: 046/840-239 Е-пошта:merkezjupa@hotmail.com</td></tr>
<tr><td><u>Координатор на проектот;</u> Мухарем Имеровски</td><td>Телефон: 070/ 594-447Е-пошта:imerovskim@gmail.com</td></tr>
<tr><td><u>Изведувач:</u><br>Ќе биде определен по завршување на процедурите за доделување на договори за јавна набавка за потребите на потпроектот</td><td>Надзор **(По завршување на процедурата, името и контактите од надзорниот инжинер ќе бидат додадени во полето подолу)</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th colspan="2">ОПИС НА ЛОКАЦИЈАТА</th></tr>
<tr><td>Име на локацијата</td><td>Делница Центар Жупа – Дебарски острови</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
